На 11 и 12 февруари, Граѓанскиот ресурсен центар (ГРЦ) организираше **обука за транспарентност и отчетност на граѓанските организации за 21 лице од управните и раководните структури на здруженијата**
. Тие добија нови знаења и вештини кои ќе им помогнат
**да воспостават процеси и практики на отчетно управување**
и раководење во своите организации.



„**Професионален и сеопфатен пристап**. Формата и содржината на оваа и сличните обуки организирани од ГРЦ сигурно ќе го поддржат и забрзаат патот на ‘помладите’ граѓански организации до ниво на самоодржливост“, рече Дејан Стојановиќ од организацијата Ин виво.

Учесниците преку работа во групи развија дефиниции за отчетност, транспарентност, добро управување и раководење; а направија и **преглед на процеси од работењето за кои треба да ги консултираат и вклучуваат различните чинители** како конституенти, управни структури, вработени, донатори. Понатаму, тие **ги распределија одговорностите меѓу управните и раководните структури; направија листа на вообичаени одлуки кои се носат во организацијата** и ги анализираа од аспект на транспарентност и партиципативност.

На крај, **ги издвоија најчестите проблеми на управните структури и препораки за нивно решавање**, подготвија блок дијаграми за процесите во организациите водејќи сметка низ истите да се осигура транспарентноста и отчетноста; а развија и листа на извештаи кои вообичаено ги подготвуваат со препораки за нивно ефективно користење.


на CLASP принципите?
Како можете тоа да го подобрите